# М И С Л Е Њ Е

## за Извештајот на друштвото за ревизија ДИЛОИТ ДОО Скопје

Друштвото за ревизија ДИЛОИТ ДОО Скопје во текот на месец јануари 2016 година изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2016 година, кои што вклучуваат Консолидиран извештај за сеопфатен приход, Консолидиран извештај за финансиска положба, Консолидиран извештај за промени во капиталот и Консолидиран извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Консолидацијата ги вклучува финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на финансиските извештаи што завршува со 31 декември 2016 година Друштвото за ревизија ДИЛОИТ ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври 2016 година, додека главната ревизија се изврши во јануари 2017 година.

Менаџментот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со законските регулативи во Република Македонија.

Со задоволство го прифаќаме Мислењето на Друштвото за ревизија ДИЛОИТ ДОО Скопје според кое финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Групата на 31 Декември 2016 година, и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
## за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2016 година ревидирани од ревизорско друштво и Мислењето на Надзорниот Одбор

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 30.05.2017 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2016 година ревидирани од ревизорско друштво и Мислењето на Надзорниот Одбор**

1. Со оваа одлука се усвојуваат Консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2016 година, ревидирани од страна на ревизорското друштво ДИЛОИТ ДОО Скопје.
2. Консолидираните извештаи претставуваат прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач